**Алфа ТВ**
**Правила и процедури на квизот**
**ЗЕМИ ИЛИ ОСТАВИ**

Овој текст е направен исклучиво како информативен материјал за идните натпреварувачи и ги содржи комплетните правила и процедури на квизот ЗЕМИ ИЛИ ОСТАВИ.

**1. Општи правила и процедури**

- Квизот „Земи или остави“ ќе се емитува на Алфа ТВ, секој петок во 21 часот, со репризни изданија во недела попладне. Квизот ќе трае 55 минути.

- Алфа ТВ (во понатамошниот текст – организатор) однапред утврдува дека: Право на учество имаат сите државјани на Република Македонија, со 18 години, кривично неосудувани и негонети.

- Право на учество немаат вработените во Алфа ТВ и спонзорите со најблиското семејство (животна заедница на родители, деца и други роднини кои живеат во иста заедница – домаќинство според Законот за семејство, член 2, од 1993 година.).

- Ниту еден потенцијален учесник кој претходно учествувал во друг телевизиски квиз, натпревар на знаење или слична емисија од таков вид, на која било телевизија во последните 6 (шест) месеци, нема право да се учествува во која било од емисиите на „Земи или остави“.

- Неуспехот да се обезбеди доказ за квалификуваноста во разумен временски период, по барање на организаторот, може да резултира со дисквалификација и/или повлекување на наградата. Не можат да учествуваат лица надвор од Р.Македонија.

- За секој квиз „Земи или остави“, според однапред утврдена процедура и систем на селекција за избор на учесници, се избира еден (1) за да се натпреварува за наградата.

**2. Избор на натпреварувачи (Прв дел – телефонско пријавување):**

Изборот на учесници за емисијата “Земи или остави” има три (3) дела:

Пријавување преку телефон:

- Пријавувањето на потенцијалните учесници ќе се одвива преку телефонот 141514 (телефонски автомат) за сите мобилни и фиксни оператори во Р. Македонија со SMS или со говор.

- Потенцијалните учесници можат да се пријавуваат колку пати сакаат, со што ги зголемуваат шансите за избор во некоја од емисиите.

- Цената на повикот или на SMS пораката е 50 денари + ДДВ.

- Кога ќе се пријави на телефонскиот број 141514 апликантот добива единствен код кој, заедно со телефонскиот број, го внесува на местото предвидено за тоа на веб страницата www.alfatv.com.mk

- Кога ќе испратат SMS порака на бројот за пријавување, апликантите добиваат возвратна SMS порака со следната соржина:
*Вие се пријавивте за учество во „Земи или остави“. Вашиот код е *****. Посетете ја веб страницата www.alfatv.com.mk и продолжете со процедурата за пријавување.*

- Ако апликантите се пријавуваат со говор преку мобилен или фиксен телефон, возвратно ја добиваат говорната порака со следната содржина:
*Благодариме што се пријавивте за учество во „Земи или остави“. Подгответе се да го запишете вашиот код (пауза). Вашиот код е *****. Повторувам: Вашиот код е *****. Посетете ја веб страницата www.alfatv.com.mk и продолжете со процедурата за пријавување.*

- Апликантите треба да го запомнат или запишат единствениот код или да ја сочуваат SMS пораката со кодот за да можат да го внесат точниот код на веб страницата www.alfatv.com.mk на местото определено за тоа.

- Секој код е валиден 6 дена или од петок во една секунда после полноќ до четврток 24:00 часот, односно еден турнус. За секој нареден турнус ѓе биде неопходен нов повик и нов код на апликантот.

**3. Избор на учесници (Втор дел – пријавување преку интернет):**

Пријавување преку интернет:

- Линкот за формуларот за пријавување преку интернет е поставен на видливо место на веб страницата www.alfatv.com.mk

- Кога ќе се отвори формуларот, следниот чекор е да се внесат телефонскиот број од кој е извршено пријавувањето и единствениот код кој претходно потенцијалните учесници го добиле преку SMS или со говорна порака.

- Потоа следува пополнување на формуларот кој е составен од 4 дела:
    1. Неопходните лични податоци и дополнителни прашања за профилот на апликантот и неговите мотиви за учество во квизот
    2. Податоци за три лица кои ќе го придружуваат потенцијалниот учесник во квизот
    3. Три квалификациони прашања од општа култура.
    4. Завршни правила и одредби поврзани со процедурите и правните аспекти за учество во натпреварот.

- Доколку телефонскиот број и кодот не се совпаѓаат, веб системот го спречува натамошното аплицирање со пораката: „Кодот што го внесовте не е исправен, Ве молиме обидете се уште еднаш или пријавете се за играта на број 141514  за да добиете валиден код“

- Откако ќе го заврши поплнувањето на формуларот, потенцијалниот учесник треба да кликне на копчето *Пријави*.

- Потенцијалните учесници треба да одговорат точно на најмалку две (2) од вкупно три (3) прашања за да се стекнат со можност да бидат повикани на интервју како последна фаза од изборот за учесници во квизот „Земи или остави“.

- Изборот на потенцијалните учесници кои ќе бидат повикани на интервју го прави Комисијатата за избор и за регуларно одвивање на квизот „Земи или остави“.

- Комисијата ја избора и со својата одлука ја определува организаторот на квизот

**4. Избор на учесници (Трет дел – интервју)**

Избор преку интервју:

- Врз основа на точните одговори на прашањата во апликацијата на веб страницата и дискреционото право на избор на Комисијата за учество и регуларно одвивање на квизот „Земи или остави“, ќе биде составена потесна листа на кандидати кои ќе бидат повикани на интервју.

- Интервјуто ќе се состои од разговор и од елиминациски прашања со кои ќе се стекнат целосни сознанија за знаењата, вештините и профилот на потенцијалните учесници.

- Од кандидатите повикани на интервју ќе бидат избран еден учесник кој ќе се стекне со право да учествува во квизот.

**5. Општи правила на играта во квизот „Земи или остави“:**

- Највисоката награда која може да ја освои учесникот во една епизода на квизот „Земи или остави“ е 6.000.000 денари.

- Највисокиот износ е во едно од 26 куферчиња на сцената. Во останатите се другите износи предвидени во т.н. Дрво на парите кое е видливо поставено на Video BIM на сцената.

- Никој освен за тоа овластено лице од страна на организаторот на квизот не знае кое куферче колкав износ содржи.

- Квизот отпочнува со три прашања од општо знаење. Од бројот на точните одговори се определува висината на освоената награда што учесникот во квизот ќе ја освои на крајот

- Секој погрешен одговор ја намалува освоената сума за 5 отсто.

- Откако ќе го исполни условот да одговори на трите прашања од општо знаење, започнува наредниот дел на квизот со тоа што учесникот треба да го направи првиот чекор: Да го избере своето куферче.

- Следува првиот круг кога треба да се отворат првите шест куфери. После шестиот куфер и шестиот откриен и елиминиран износа од „Дрвото на парите", следува првата понуда на банкарот.

- Единствена цел на банкарот е врз основа на своите анализи да го откупи куферот од учесникот што е можно поевтино.

- Откако ќе ја чуе понудата, учесникот според своите проценки и анализа на натамошниот развој на квизот и  можностите за успешно продолжување на квизот и подобра понуда од Банкарот, треба да каже дали прифаќа ја или ја одбива. Ако ја одбие, квизот продолжува.

- Учесникот својот одговор го соопштува само откако ќе го чуе прашањето на водителот на : „Прифаќаш или не?". Само по тоа може да го каже својот одговор базиран на неговите анализи.

- Доколку одбил, следува вториот круг во кој се отвораат 5 куфери и се елиминираат исто толку позиции од Дрвото на парите.

- Ако во текот на квизот учесникот одлучи да прифати конкретна понуда на банкарот во било кој круг од квизот, тоа треба да го соопшти само откако ќе го чуе прашањето на водителот („Прифаќаш или не?") и со притискање на црвеното копче кое е видливо поставено на пултот.

- Банкарот, според својата логика, по кругот од 5 отворени куфери ја соопштува втората понуда.

- Во наредните кругови се отвораат 4, 3 и 2 куфери по што, доколку учесникот  не прифати некоја од понудите после овие кругови, следуваат

отворања од само по еден куфер и елиминација на една по една позиција од Дрвото на парите. По секое отворање на по еден куфер во овој круг од квизот, следува и по една понуда од банкарот.

- Врз основа на тоа кои позиции од Дрвото на парите остануваат во игра како и врз основа на своите проценки и анализи на текот на квизот, банкарот ја утврдува својата понуда.

- Доколку учесникот одлучи да ја прифати понудата на банкарот во момент кога останале одреден број неотворени куфери, квизот се довршува до последниот куфер за да се види како би било доколку учесникот не ја прифатил понудата на банкарот.

**6. Исплата на освоените суми**

- Сите освоени суми во квизот "Земи или остави" им се исплаќаат на учесниците исклучиво на нивните жиро – сметки во Комерцијална банка а.д. Скопје.

- Сите суми во квизот "Земи или остави", се БРУТО суми односно не се оданочени според Законот за данок на доход на други видови приходи – персонален данок.

- Организаторот на квизот "Земи или остави", се обврзува да ги исплатува НЕТО вредностите на освоените суми на следниот начин:

    1. Освоени суми во вредност од 10 до 100.000 денари најдоцна за 15 дена.
    2. Освоени суми во вредност од 100.000 до 500.000 денари најдоцна за 75 дена.
    3. Освоени суми од 500.000 до 1.000.000 денари најдоцна за 100 дена
    4. Освоени суми во вредност од 1.000.000 до 3.000.000 денари најдоцна за 180 дена.
    5. Освоени суми во вредност од 3.000.000 до 6.000.000 денари најдоцна за 360 дена.

- Организаторот на квизот се обврзува, а учесникот прифаќа освоените суми над 1.000.000 денари да бидат исплатени на рати во предвидениот рок.

- Рокот почнува да тече по емитувањето на квизот во која учесникот го завршил учеството.

- Доколку се изменат одредбите на цитираниот Закон за данок на приход на други видови приходи – персонален данок, организаторот на квизот ќе ги извести учесниците на кои ќе треба да им се исплатат наградите според новите изменети одредби.

**7. Завршни одредби**

- Одредбите во овој документ (Правила и процедури за пријавување и учество во квизот „Земи или остави) имаат за цел целосно и недвосмислено да информираат за правилата и условите за пријавување и учество во квизот „Земи или остави“.

- Со овој документ се става до знаење дека податоците што ги отстапуваат потенцијалните учесници во квизот се само и исклучиво за потребите на квизот „Земи или остави“.

- Овој документ има за цел недвосмислено да ги информира оние што се во роднински врски со било кој вработен во Алфа ТВ дека немаат право да учествуваат во квизот „Земи или остави“.

- Овој документ има за цел недвосмислено да информира дека сите снимени, печатени и други записи на кои се имињата, фотографиите или видео материјалите со ликовите на потенцијалните учесници и учесниците во квизот „Земи или остави“, се сопственост на Алфа ТВ и дека можат да се користат за промотивните активности на Алфа ТВ без паричен надомест за лицата што се појавуваат со лик или име во тие материјали.

- Организаторот на квизот ги советува сите учесници, своите колебања и сомнежи во врска со примената и одредбите на овие правила и процедури да настојуваат во целост да ги разјаснат и расчистат во текот на одржувањето на пробното снимање на секој квиз.

- Доколку во текот на снимањето на квизот сепак некој од учесници смета дека нешто не се случило во склад со одредбите на овие правила и процедури или смета дека тој е на било кој начин оштетен бидејќи не се почитувани одредбите на овие правила и процедури, должен е веднаш, на самото место да реагира, побара објаснување или интервенција на организаторот.

- Сите вработени во Алфа ТВ и сите ангажирани соработници на продуцирањето на квизот “Земи или остави” се обврзани строго да ги чуваат деловните и продукциски податоци поврзани со квизот “Земи или остави”.

- Ниту еден вработен во Алфа ТВ и ниту еден од ангажираните соработници на продуцирањето на емисијата “Земи или остави” не смеат по било кој основ да даваат какви било изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот.

- Изјави за медиумите (интервјуа за печат или електронски медиуми) поврзани со организацијата и продукцијата на квизот е овластен да дава само Програмскиот директор на Алфа ТВ или лицата што тој ќе ги овласти.

ОВИЕ ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ СТАПУВААТ НА СИЛА ОД 26.01.2009 ГОДИНА И СЕ ВАЛИДНИ СЕ ДО МОМЕНТОТ КОЈ ЌЕ ГО ОПРЕДЕЛИ ОРГАНИЗАТОРОТ НА КВИЗОТ „ЗЕМИ ИЛИ ОСТАВИ“ АЛФА ТВ.